МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

# ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈА

II ГОДИНА

## ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА

***Техничар за агроменаџмент***

Скопје, 2010 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈА

**1.2. Образовен профил и струка**

1.2.1. Образовен профил: техничар за агроменаџмент

1.2.2. Струка: земјоделско-ветеринарна

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1. Стручно образование: предмет карактеристичен за образовниот профил

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

1.4.1. Втора година

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 72 часа

**1.6. Статус на наставниот предмет**

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Наставниот предмет ***основи на економија*** овозможува ученикот да стекне основни знаења за фундаменталните законитости во економската анализа и да стекне вештини за нивна правилна примена во земјоделското производство и други стопански гранки. Стекнатите знаења и вештини ќе придонесат ученикот полесно да ги совлада содржините од потесното стручно подрачје во повисоките години и ќе овозможи негово оспособување за општо и стручно самообразование и образование на повисоко ниво.

По совладувањето на наставната програма по предметот ***основи на економија,*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ги познава карактеристиките на микроекономијата и макроекономијата;
- да ги сфаќа темелните економски проблеми;
- да ги разликува основните елементи на понудата и побарувачката;
- да ги познава принципите на производната функција и трошоците на производството;
- да го објаснува влијанието на факторите на производство и нивното пазарно вреднување;
- да ги разликува основните пристапи за мерењето и содржината на општественото производство;
- да го сфаќа значењето на факторите и границите на економскиот раст и развој;
- да ги познава суштинските карактеристики на економскиот циклус;
- да ги споредува карактеристиките на потрошувачката, штедењето и инвестициите;
- да ја објаснува улогата на парите и банките во националната економија;
- да го сфаќа значењето на невработеноста и инфлацијата.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За совладување на содржините по предметот ***основи на економија*** не е потребно учениците да поседуваат одредени предзнаења од предметното подрачје.

**4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС**
**4.1. Структурирање на содржините за учење**

| Тематска целина | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** |
| **I. Вовед во економијата** | **4** | **Ученикот:**<br>- да ја разбира економијата како наука;<br>- да го сфаќа значењето на економијата за земјоделството и другите стопански гранки;<br>- да ги објаснува основните принципи на микроекономијата и макроекономијата;<br>- да ги разликува базичните економски концепти. | - Излагање и разговарање со учениците за економијата како наука;<br>- воведување во основите на економската наука;<br>- објаснување за значењето на микроекономијата и макроекономијата за земјоделството и другите стопански гранки. | |
| **II. Темелни економски проблеми** | **4** | - Да го сфаќа значењето на темелните економски проблеми;<br>- да ги опишува влезовите и излезите во економијата;<br>- да ги познава опуртунитетните трошоци;<br>- да ја објаснува функцијата на пазарната економија;<br>- да ги дефинира границите на производните можности на општеството. | - Запознавање на учениците со темелните економски проблеми;<br>- објаснување за влезовите и излезите во економијата преку презентација на слики, дијафилмови;<br>- запознавање на учениците со опуртунитетни трошоци;<br>- објаснување за функцијата на пазарната економија и границите на производните можности на општеството. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **III. Основни елементи на понудата и побарувачката** | **8** | - Да дефинира понуда и побарувачка;<br>- да ги објаснува карактеристиките на кривата на побарувачката и понудата;<br>- да го сфаќа значењето на еластичноста на понудата и побарувачката;<br>- да ги познава факторите што ја условуваат побарувачката и понудата;<br>- да ги толкува графиконите на кривите на побарувачката и понудата;<br>- да ја опишува теоријата на изборот на потрошувачот;<br>- да го толкува парадоксот на вредноста и потрошувачкиот вишок. | - Објаснување за основните карактеристики на понудата и побарувачката;<br>- истакнување на разликите помеѓу понудата и побарувачката;<br>- изработка на крива на побарувачка и понуда;<br>- објаснување на графиконите за еластична, единечна и нееластична побарувачка;<br>- објаснување на изборот на потрошувачот;<br>- објаснување на парадоксот на вредноста и потрошувачкиот вишок. | |
| **IV. Производна функција и анализа на трошоците** | **8** | - Да ги дефинира поимите производна функција и трошоци на производство;<br>- да ги познава основите на маргиналистичката анализа;<br>- да го објаснува Законот за опаѓачки приноси;<br>- да ги објаснува економиите на обем;<br>- да го сфаќа значењето на временскиот фактор во анализата;<br>- да го сфаќа значењето на | - Објаснување за производната функција и трошоците на производството;<br>- објаснување за нумеричката функција;<br>- објаснување за производната функција и трошоците на производството;<br>- поттикнување на учениците за самостојно и творечко учење;<br>- организирање вежби за определување на производната функција и видовите на | - |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | трошоците;<br>- да го толкува графичкото претставување на трошоците;<br>- да ги разликува функциите на фиксните, варијабилните и вкупните трошоци. | трошоци. | |
| **V. Пазарни структури и одредување на цените** | **4** | - Да ја дефинира пазарната структура;<br>- да разликува совршена, потполна и непотполна конкуренција;<br>- да ги искажува трошоците и економиите во обем;<br>- да го толкува маргиналниот и граничниот приход;<br>- да го објаснува начинот на максимизација на профитот. | - Објаснување за пазарната структура;<br>- објаснување на совршена конкуренција преку презентација на слики, филмови и цртежи;<br>- поттикнување на учениците за самостојно и творечко учење;<br>- организирање вежби за определување маргинален и граничен приход. | - |
| **VI. Фактори на производство и нивно пазарно вреднување** | **8** | - Да ја познава поделбата на факторите на производство;<br>- да ги толкува карактеристиките на цените;<br>- да ја објаснува побарувачката за факторите на производство;<br>- да ја објаснува понудата на факторите на производство;<br>- да го познава влијанието на капиталот како производен фактор;<br>- да одредува каматна стапка;<br>- да го сфаќа значењето на земјата како фактор на производство; | - Запознавање на учениците со факторите на производство;<br>- објаснување на значењето на цените;<br>- нагласување на разликите и карактеристиките на одделните фактори на производство;<br>- поттикнување на учениците за самостојно учење и изведување вежби;<br>- организирање вежби за одредување на земјишна рента;<br>- објаснување на профитот и претприемништвото. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги познава факторите за одредување на земјишната рента;<br>- да ја објаснува поврзаноста меѓу профитот и претприемништвото. | | |
| **VII. Макроекономски цели и мерки** | **4** | - Да ги познава основните цели и мерки на макроекономијата;<br>- да ги објаснува макроекономските инструменти;<br>- да ја познава фискалната и монетарната политика;<br>- да ја поврзува агрегатната понуда со побарувачката;<br>- да ја објаснува макроекономската рамнотежа. | - Информирање на учениците за целите и мерките на макроекономијата;<br>- организирање вежби за одредување на макроекономските инструменти, елементите на фискалната и монетарната политика, агрегатната понуда и побарувачка;<br>- организирање вежби за одредување на елементите на макроекономската рамнотежа. | |
| **VIII. Мерење на националниот производ и доход** | **4** | - Да ги познава основните пристапи за мерењето и содржината на општественото производство;<br>- да ги објаснува главните карактеристики на националниот бруто-производ;<br>- да го познава добивањето на бруто и нето домашниот производ;<br>- да го објаснува добивањето на националниот доход. | - Информирање на учениците за националниот производ и националниот доход;<br>- организирање вежби за одредување на националниот производ и доход;<br>- изработка на шеми со распределба на агрегатите во системот на националното сметководство;<br>- организирање вежби за одредување номинален и реален национален производ. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **IX. Економски раст, развој и економски циклус** | **8** | - Да разликува економски раст од економски развој;<br>- да ги објаснува факторите и границите на економскиот раст и развој;<br>- да ги познава индикаторите и целите на економскиот раст и развој;<br>- да ја толкува политиката на економски раст и развој;<br>- да ги познава суштинските карактеристики на економскиот циклус;<br>- да ги објаснува основните фази на економскиот циклус: експанзијата и рецесијата;<br>- да ја сфаќа улогата на акцелаторот, мултипликаторот и предвидувањето во нарушувањето;<br>- да ги познава теориите за економскиот циклус . | - Информирање на учениците за економскиот раст и развој и за економскиот циклус;<br>- објаснување за експанзијата и рецесијата;<br>- укажување на потребата од познавање на фазите на економскиот циклус;<br>- организирање вежби за одредување на улогата на акцелаторот, мултипликаторот и предвидувањето во нарушувањето;<br>- организирање вежби за разгледување на теориите за економскиот циклус. | |
| **X. Потрошувачка, штедење и инвестиции** | **8** | - Да ги познава карактеристиките на потрошувачката, штедењето и инвестициите;<br>- да ја објаснува потрошувачката како економска категорија;<br>- да ја сфаќа функцијата на потрошувачката;<br>- да го објаснува штедењето и доходот;<br>- да толкува поврзаност помеѓу | - Информирање на учениците за важните карактеристики на потрошувачката, штедењето и инвестициите;<br>- организирање вежби за одредување на улогата на инвестициониот акцелатор и мултипликатор;<br>- организирање вежби за разгледување на видовите | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | штедењето, инвестициите и нивото на доходот;<br>- да го сфаќа значењето на инвестициите;<br>- да разликува бруто и нето инвестиции;<br>- да го објаснува инвестициониот мултипликатор;<br>- да ја објаснува поврзаноста помеѓу каматната стапка и инвестициите;<br>- да ги толкува детерминантите на инвестиционата побарувачка. | инвестиции;<br>- укажување на важноста на поврзаноста помеѓу каматната стапка и инвестицијата;<br>- организирање вежби за разгледување на поврзаноста помеѓу инвестициите и побаувачката. | |
| **XI. Пари и банки** | **6** | - Да ја опишува појавата и развојот на парите и на банките;<br>- да ги разликува формите на пари;<br>- да ја сфаќа потребата од регулирање на парите во прометот;<br>- да ги познава промените во вредноста на парите;<br>- да ги толкува последиците од неконтролираното движење на парите;<br>- да ја сфаќа улогата на банките;<br>- да ги познава карактеристиките на банките. | - Информирање на учениците за улогата и значењето на парите и на банките;<br>- објаснување за видови на пари и банки преку презентација на слики, филмови и цртежи;<br>- организирање вежби за разгледување на промените во вредноста на парите и делувањето на банките. | |
| **XII. Невработеност и инфлација** | **6** | - Да ја сфаќа невработеноста и инфлацијата како проблеми во економијата;<br>- да ги познава причините за | - Запознавање на учениците со инфлацијата и невработеноста;<br>- објаснување на невработеноста и инфлацијата | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | појава на невработеноста и инфлацијата;<br>- да ги толкува последиците од невработеноста и појавата на инфлација;<br>- да определува стапка на невработеност;<br>- да разликува видови на невработеност;<br>- да применува методи за мерење на инфлацијата. | преку презентација на слики, филмови и цртежи;<br>- организирање вежби за пресметка на инфлацијата и невработеноста. | |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Програмските содржини по предметот ***основи на економија*** имаат стручен карактер, како и апликативно и практично значење заради што програмските содржини треба да се реализираат и преку практични вежби. Поради тоа во наставниот процес е потребна примена на разновидни наставни форми и методи. Така, покрај фронталните предавања потребно е работа со учениците во групи, парови и индивидуална работа. Исто така, постојат можности за примена на разновидни наставни методи, односно постапки: покажување, објаснување, опишување, предавање, дискусија и практична работа. Преку успешната примена на наставните форми и методи, треба да се обезбеди оптимално можно активно учество на учениците, поточно тие да: слушаат, дискутираат, прибележуваат, го повторуваат градивото, вежбаат, вршат непосредни практични операции и работни задачи, односно ги применуваат стекнатите знаења и вештини во практиката, ги откриваат економските законитости, изработуваат домашни задачи и самостојно се образуваат.

Во наставниот процес наставникот ја планира, организира и реализира својата воспитно-образовна работа, а притоа преку усни излагања, објаснувања, демонстрирања, проверувања и оценувања на постигнувањата на учениците, ги остварува целите на овој предмет, со што ги поттикнува учениците на когнитивно, психомоторно и афективно однесување.

### 4.3. Организација и реализација на наставниот предмет

Наставата по предметот ***основи на економија*** се спроведува преку предавања кои ќе се реализираат во училница и кабинети. Покрај предавањата, треба да се изведуваат вежби, практични операции и работни задачи во фирми кои делуваат во бизнис секторот заради испитување на одредени економски показатели. Притоа, потребно е наставата да се реализира и преку ученички проекти.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес треба да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, филмови, дијафилмови, телевизиски снимки, графоскоп, текст, готови бизнис планови, показни примероци на монети, пари, хартии од вредност, опрема и сл.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на постигнувањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на учебната година. Тоа се остварува во соработка со сите ученици преку разновидни форми и постапки: усни проверки, писмени задачи, тестови, проверки на домашните задачи, оценување на практичните способности и вештини на учениците при вршење на вежбите, преку изготвување писмени извештаи, концепти, ученички проекти и сл.

Во текот на учебната година, знаењата на ученикот се оценуваат најмалку двапати во едно полугодие, а се утврдуваат полугодишни и годишни оценки.

Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на програмата, се постапува согласно со законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по овој наставен предмет треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е психофизички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го применува литературниот јазик и писмото на кој се изведува наставата, да стекнал соодветно стручно образование, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар организатор, креативен и способен за иновации во наставната технологија, да е оспособен за работа на компјутер и користење на аудио-визуелна опрема и постојано да се самообразува во струката и во педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по наставниот предмет ***основи на економија*** ќе ја реализираат кадри со завршени студии по:

- земјоделство (сите насоки)

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, согласно со Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по предметот ***основи на економија,*** наставата треба да се реализира во опремена училница, кабинет и лабораторија, во училишната економија и просториите во нејзините придружни објекти, како и во соодветни простории во земјоделските и други сродни стопанства.

Придружни елементи:

- графоскоп;
- телевизор, видео и касетофон;
- стручна литература;
- сумулации на бизнис планови;
- изучување на практични случаи;
- изработка на индивидуални семинарски задачи.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај, 2010 година

1. Бранко Алексовски, раководител, Центар за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Веџија Усалески, професор, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Игор Николов, наставник во СОУ „Кочо Рацин" – Св. Николе
4. Моме Давитковски „Агроконсалтинг ТИМ" - Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2010 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***основи на економија*** ја одобри министерот за образование и наука со решение број ***11-2332/1*** од ***15.06.2010*** година.